Бр./Nr 12 - 352/1
21. 01 г./v. 2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, на 39-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 19 Октомври 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-2558/1 од 28.07.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител физичко лице преку електронската адреса --------------------------------------, со која се укажува на сомневања за злоупотреби на службената положба од службени лица вработени во ---------------------------------------------------- поврзано со ------------------------------------------------ која се случила на ден ----------------------- 2020 година -------------------------------, на територија на општина ----------------------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2558 од 2020 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 -2558/1 од 28.07.2020 година.

Предметот со број 12 – 2558 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата и до МВР- Биро за јавна безбедност - Единица за безбедност на патниот сообраќај - Одделение за увиди на сообраќајни незгоди.

**Образложение**

Предметот со број 12-2558 од 2020 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2558/1 од 28.07.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, физичко лице – преку електронската адреса --------------------------------------------, со која се укажува на сомневања за злоупотреби на службената положба од службени лица вработени во Јавното претпријатие ----------------------------------- поврзано со ------------------------------- која се случила на ден -------------------------------------- 2020 година ------------------------- на територија на ---------------------------- – на ------------------------------------------------------- .

Пријавата за овој пријавен случај, исто така, содржи наводи за тоа дека на барањата ------------------------------------------------------ и на Писмената наредба од Основното јавно обвинителство Скопје, -------------------------------------------------, за достава на предметниот ------------------------------------------ се доставени

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

одговори дека ова Јавно претпријатие не е во можност да го достави ------------------------------, што според подносителот, создава сомневања за прикривање на податоци и доказен материјал за случената ---------------------------------------------------.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барање за податоци, информации и документација од ЈП --------------------------------------, од -------------------------------------, а побара и надлежно постапување од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при ова Министерство со цел овој Оддел во МВР да утврди дали во конкретниот случај постои непрофесионално, незаконито и неетичко постапување на вработените во Министерството за внатрешни работи - ----------------------------------------------- за кое беше побарано преземање мерки и активности за нивно санкционирање.

До Државната комисија за спречување на корупцијата беа доставени писмени одговори со податоци и информации за предметниот пријавен случај врз основа на кои Државната комисија констатира дека барањето бр.-------------------------------- од Бирото за јавна безбедност - Единица за безбедност на патниот сообраќај - Одделение за увиди на сообраќајни незгоди, доставено по наредба од Основно јавно обвинителство --------------------------------------, за доставување на ------------------------------------------------------------------------------------------------------------ било примено на ден ------------------------2020 година и по однос на истото бил сочинет Одговор бр.-----------------------------, доставен на ден -----------------------------, според кој допис, ЈП не е во можност да го достави --------------------------------- од причини што системот "не чува ------------------------------- постари од 12 (дванаесет) дена", а во конкретниот случај веќе биле изминати 23 (дваесет и три) дена. Истовремено, од одговорот за постапувањето на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР и на Комисијата ---------------------------------------------------------------Државната комисија констатира дека наведените служби постапиле на предметниот случај и не констатирале прекршувања на процедурите ниту непрофесионално, незаконито и неетичко постапување на вработените во Министерството за внатрешни работи - Одделение за увид на сообраќајни незгоди, односно приговорот на странката во постапката бил неоснован.

Очигледно времето кое е потребно за постапување на Јавното обвинителство и Бирото за јавна безбедност - Единица за безбедност на патниот сообраќај - Одделение за увиди на сообраќајни незгоди, пред се поради воспоставената пракса на писмена комуникација меѓу МВР, ЈО и судовите, специфичниот начин и подолгото време на архивирање и доставување на писмената, го надминува рокот за зачувување на податоците од страна на ------------------------------------. Како резултат на ваквата пракса, постои ризик од погрешно или од не утврдување на фактичката состојба и на причинителот на сообраќајна незгода, како и спречување на правото за надомест на штета од страна на оштетената страна.

За надминување на овие состојби потребно е БЈБ - Единица за безбедност на патниот сообраќај, во координација со Јавното обвинителство и ЈП "Улици и патишта" да изнајдат побрз начин на меѓусебна комуникација или да се воспостави електронска комуникација заради навремено обезбедување на целосни и релевантни докази во истрагите што се водат.

Од сите прибавени и расположливи списи и документација за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека во насока на утврдување на фактичката состојба по наводите од пријавата постапил друг надлежен орган во Републиката – Министерството за внатрешни работи преку своите

служби кои по однос на истиот не констатирале дејствија кои би можеле да се сметаат за коруптивно постапување.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 19 Октомври 2020 година под бр. 12- 352/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил К.Н., Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносител